# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ДО:** **Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД Велес**
**Ул. Алексо Демниевски-Буман бр.18**
**Велес**

**email:** **contact@kristal.com.mk**

УП1 12-333/22
2 -09- 2022

**ПРЕДМЕТ: Известување за непотполно барање**

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала со моќност по инвертори од 360 kW, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 12-333/22 од 5 септември 2022 година, Ве известуваме за следното:

Согласно член 9 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21) барањето е непотполно при што е потребно да ги отстраните утврдените недостатоци, односно во рок од 20 дена од добивање на ова Известување дополнително да ја доставите следната документација:

- Тековна состојба издадена од ЦР на РСМ со регистрирана општа клаузула за бизнис, при што доколку истата е во електронска форма, потребно е да биде доставена и по електронски пат
- Изјава за веродостојност на податоците и информации согласно Прилог 3 Правилникот за лиценци,
- Потврда дека над барателот не е отворена постапка за стечај издадена од ЦР на РСМ во оригинал или копија заверена на нотар, при што доколку документот е издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, истиот се смета за оригинал,
- Потврда дека над барателот не е отворена постапка за ликвидација издадена од ЦР на РСМ на 10 август 2022 година, во оригинал или копија заверена на нотар, при што доколку документот е издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, истиот се смета за оригинал,
- Уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки од УЈП за Друштвото од 17 август 2022 година, со намена за добивање на лиценца, во оригинал или копија заверена на нотар, при што доколку документот е издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, истиот се смета за оригинал,
- Основен проект, фаза електрика, архитектура и градежно конструктивна фаза, за фотонапонски панели за производство на електрична енергија со инсталиран капацитет до 353.78 kW, тех. бр.14/2022 од февруари 2022 година, изготвен од Друштвото за градежништво, трговија и проектирање на Петар Иваноски ПЕРКАН ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ, во оригинал или копија заверена на нотар, при што доколку документот е издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, истиот се смета за оригинал,

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-036/2019

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

- Извештај од надзорниот инженер за поставување на фотонапонски панели ул. Алексо Демниев во Велес или КП бр.1159/1 КО Велес, бр. 198-1/22 од 1 септември 2022 година изготвен од Трговското друштво за градежништво, промет и услуги ГЕНИКО увоз извоз ДОО Прилеп, во оригинал или копија заверена на нотар, при што доколку документот е издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, истиот се смета за оригинал,
- Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа УП1-10-286 од 20 јули 2022 година, издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, во оригинал или копија заверена на нотар, при што доколку документот е издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, истиот се смета за оригинал,
- Технички податоци согласно Основниот Проект,
- Организациона структура на Друштвото,
- Целокупната документација да се достави и во електронска форма, а согласно член 7 став (1) од Правилникот за лиценци.

Со почит,

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

изготвил: Билјана Јадровска Панова
контролирал: Елизабета Арсова
Фаредин Адеми